**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08-1378/1**
**Од 07.07.2022 година**
**Скопје**

**До**
**Членовите на советот на**
**Општина Ѓорче Петров**

**Врз основа на член 39 и 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.3/19 и 5/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.12/06), се донесува:**

## Р Е Ш Е Н И Е
### за свикување на Шестнаесеттата седница на советот на Општина Ѓорче Петров

**Ја свикувам Шестнаесетата седница на советот на Општина Ѓорче Петров.**

**Седницата ќе се одржи на ден 14.07.2022 година (четврток), со почеток во 11:00 часот, во Салата за состаноци на Општина Ѓорче Петров.**

**За седницата го предлагам следниот:**

### Д н е в е н р е д:

1. **Предлог Одлука за давање на согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места и Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица" – Ѓорче Петров – Скопје;**
2. **Предлог Одлука за давање согласност на Планот за измена и дополна на Годишниот план за вработување во Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**
3. **Предлог Одлука за задолжување на Општина Ѓорче Петров со заем кај финансиска институција;**
4. **Предлог Одлука за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети предизвикани од природни непогоди, епидемии, епизотии;**
5. **Предлог Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план – на нумерички податоци за ГП 3.28 од ДУП Ѓорче Петров 37;**
6. **Предлог Одлука за донесување на Техничка исправка на ГП 7.37 и ГП 7.38 од Детален урбанистички план Мирче Ацев 38, Општина Ѓорче Петров;**

7. **Иницијатива за ослободување од партиципација за згрижување на деца во детските установи во Општина Ѓорче Петров поднесена од член на Совет на Општина Ѓорче Петров.**

**Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 или 2044-411, Одделение за Нормативa.**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**